ПП бр: 09-4/

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: Димитрија Вревезоски - претседател, Проф. Д-р Владимир Наумовски и Насер Жарку - членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност против **Друштво за производство, услуги и трговија БАБЕ-БАБЕ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**, ул. „21“бр.52-А Битола, **Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Воден“ бр.26 Битола, **Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола**, ул. „Владимир Назор“ ББ Битола, **Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Владимир Назор“ бр.12/Б Битола, **Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје**, Теодосиј Гологанов бр.120 Скопје – Центар, **Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „4-ти Ноември“ бр. 72 Битола, застапувано од полномошник адвокат Олег Ѓоргиев од Битола, **Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје**, 8-ми септември бр.42 Скопје – Карпош, застапувано од полномошник адвокат Ива Филиповска од Скопје, **Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**, ул. „Богомила“ бр.12, Битола, **Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола**, ул. „Ѓорче Петров“ бр.27 Битола, **Занаетчија Михаило Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ**, Битола, ул. „4-ти Ноември“ бр.68, Битола, **Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ**, ул. „Борис Буцевски“ бр.6, Битола, **Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало САФЕТИ – АВК ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Цар Самоил“ бр.55 Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Васко Карангелески“ бр.21, Битола, застапувано од полномошник адвокат Олег Ѓоргиев од Битола, **Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола**, бул. „1-ви Мај“ бр.1, Битола, **Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола**, ул. „Довлеџик“ бр.117 А, Битола, **Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола**, ул. „Охридска“ бр.301 Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „Мирка Гинова“ бр.20, Битола, и **Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. “Буковски мост“ бр.30, Битола, заради утврдување на сторен прекршок од член 59 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седницата одржана на 28.06.2021 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека **Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Воден“ бр.26 Битола, ХХХ[1], **Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола**, ул. „Владимир Назор“ ББ Битола, ХХХ, **Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Владимир Назор“ бр.12/Б Битола, ХХХ, **Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје**, Теодосиј Гологанов бр.120 Скопје – Центар, ХХХ, **Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „4-ти Ноември“ бр. 72 Битола, застапувано од полномошник адвокат Олег Ѓоргиев од Битола, ХХХ, **Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје**, 8-ми септември бр.42 Скопје – Карпош застапувано од полномошник

[1] Податоците претставуваат деловна тајна

адвокат Ива Филиповска од Скопје, XXX, **Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**, ул. „Богомила“ бр.12, Битола, XXX, **Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола**, ул. „Ѓорче Петров“ бр.27 Битола, XXX, **Занаетчија Михаило Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ, Битола**, ул. „4-ти Ноември“ бр.68, Битола, XXX, **Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ**, ул. „Борис Бучевски“ бр.6, Битола, XXX, **Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Васко Карангелески“ бр.21, Битола, застапувано од полномошник адвокат Олег Ѓорѓиев од Битола, XXX, **Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола**, бул. „1-ви Мај“ бр.1, Битола, XXX, **Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола**, ул. „Довлеџик“ бр.117 А, Битола, XXX, **Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола**, ул. „Охридска“ бр.301 Битола, XXX, **Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „Мирка Гинова“ бр.20, Битола, XXX и **Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. “Буковски мост“ бр.30, Битола, XXX, **како претпријатија кои нудат услуги на пазарот на давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола, во февруари 2019 година, учествувале во забранет договор и усогласено однесување, на начин што донеле ценовник за вулканизерски услуги на кој сите наведени даватели на вулканизерски услуги ставиле свој печат со цел нарушување на конкуренцијата преку директно фиксирање на продажните цени на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола, со што сториле прекршок од член 59 став (1) точка 1) во смисла на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата .**

2. За сторениот прекршок од точка 1 од ова решение **на сторителот/ите**:

- **Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, му се изрекува глоба во износ од 9.380,00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола остварен во 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола**, му се изрекува глоба во износ од 2.270,00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола остварен во 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола** му се изрекува глоба во износ од 5.148,00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола остварен во 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје** и се изрекува глоба во износ од 30.465,00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Продавницата за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје остварен во 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ** му се изрекува глоба во износ од 8.166,00

денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ остварен во 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје** му се изрекува глоба во износ од 17.192.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје остварен во 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола** му се изрекува глоба во износ од 6.930.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола остварен во 2020 година, како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ** му се изрекува глоба во износ од 3.540.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Трговското друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ остварен во 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола** му се изрекува глоба во износ од 1.800.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ** му се изрекува глоба од 4.416.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ остварен во 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

- **Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ** му се изрекува глоба во износ од **561.00 денари**, што претставува приближно XXX**%** од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ остварен во 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

-**Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола** му се изрекува глоба во износ од 5.515.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

-**Занаетчија Михаило Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ Битола**, му се изрекува глоба во износ од 4.182.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

**-Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола** му се изрекува глоба во износ од 4.896.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

**-Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола** му се изрекува глоба од 9.617.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

**-Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола**, му се изрекува глоба од 7.632.00 денари, што претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година, како последна деловна година за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

3. Глобата од точка 2 од ова решение сторителот/ите на прекршокот е/се должен/ни да ја плати/тат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840ххх207337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Во месец мај 2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата, анонимно беше доставена копија од ценовник за вулканизерски услуги, на која, во вид на согласност, свој печат ставиле осумнаесет претпријатија, даватели на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола, и тоа: **Друштво за производство, услуги и трговија БАБЕ-БАБЕ увоз-извоз ДООЕЛ Битола,** ул. „21“ бр.52-А Битола, **Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола,** ул. „Воден“ бр.26 Битола, **Друштво за трговија и услуги ЦАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола**, ул. „Владимир Назор“ ББ Битола, **Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Владимир Назор“ бр.12/Б Битола, **Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје - Подружница ПНЕУМАТИК Битола** со седиште на ул. „Воден“бр.3 Битола, **Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „4-ти Ноември“ бр. 72 Битола, **Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво - Скопје - Подружница ТЕХНОКОМЕРЦ Битола** со седиште на ул. „Воден“бр.5 Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**, ул. „Богомила“ бр.12, Битола, **Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола**, ул. „Ѓорче Петров“ бр.27 Битола, **Занаетчија Михаило Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ**, Битола, ул. „4-ти Ноември“ бр.68, Битола, **Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ,** ул. „Борис Буцевски“ бр.6, Битола, **Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало САФЕТИ – АВК ДООЕЛ увоз-извоз Битола,** ул. „Цар

[2] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Северна Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Самоил“ бр.55 Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Васко Карангелески“ бр.21, Битола, **Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола**, бул. „1-ви Мај“ бр.1, Битола**, Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола**, ул. „Довлеџик“ бр.117 А, Битола, **Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола**, ул. „Охридска“бр.301 Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „Мирка Гинова“ бр.20, Битола и **Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. “Буковски мост“ бр.30, Битола .

На ден 14.05.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/1 Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП), достави до Централниот регистар на Република Северна Македонија, Барање за доставување на податоци и документи.

На ден 28.05.2019 година, врз основна на доставениот ценовник, КОП донесе заклучоци за увид во една подружница и две претпријатија избрани по случаен избор и тоа:

Заклучок за вршење на увид ПП бр.09-18/2 во **Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје - Подружница ПНЕУМАТИК Битола**, ул. „Воден“ бр.3 Битола, Република Северна Македонија. За увидот е составен Записник ПП бр.09-18/3 и на претпријатието му беше издадена Потврда за одземена документација ПП бр.09-18/4.

Заклучок за вршење на увид ПП бр.09-18/5 во **Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Воден“ бр.26 Битола, Република Северна Македонија. За увидот е составен Записник ПП бр.09-18/6 и на претпријатието му беше издадена Потврда за одземена документација ПП бр.09-18/7 и

Заклучок за вршење на увид ПП бр.09-18/8 во **Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „4-ти Ноември“ бр. 72 Битола, Република Северна Македонија. За увидот е составен Записник ПП бр.09-18/9.

На ден 30.05.2019 година, со Допис ПП бр.18/10, Централниот регистар на Република Северна Македонија достави одговор на Допис ПП бр.09-18/1 на КОП.

На ден 07.06.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/11, Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ достави Допис - Изјава до КОП.

Врз основа на дополнителна анализа на доставената копија од ценовник и документацијата прибавена при увидот, КОП на ден 25.06.2019 година донесе Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-18/12 (пред корекција 09-18/4) против **Друштво за производство, услуги и трговија БАБЕ-БАБЕ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**, ул. „21“бр.52-А Битола, Република Северна Македонија, **Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Воден“ бр.26 Битола, **Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола**, ул. „Владимир Назор“ ББ Битола, **Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Владимир Назор“ бр.12/Б Битола, **Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје - Подружница ПНЕУМАТИК Битола**, ул. „Воден“ бр.3 Битола, **Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „4-ти Ноември“ бр. 72 Битола, **Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво - Скопје - Подружница**

**ТЕХНОКОМЕРЦ Битола**, ул. „Воден“ бр.5 Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**, ул. „Богомила“ бр.12, Битола, **Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола**, ул. „Ѓорче Петров“ бр.27 Битола, **Занаетчија Михаило Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ**, Битола, ул. „4-ти Ноември“ бр.68, Битола, **Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ,** ул. „Борис Буцевски“ бр.6, Битола, **Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало САФЕТИ – АВК ДООЕЛ увоз-извоз Битола,** ул. „Цар Самоил“ бр.55 Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола,** ул. „Васко Карангелески“ бр.21, Битола, **Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола,** бул. „1-ви Мај“ бр.1, Битола, **Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола,** ул. „Довлеџик“ бр.117 А, Битола, **Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола,** ул. „Охридска“ бр.301 Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ,** ул. „Мирка Гинова“ бр.20, Битола и **Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. “Буковски мост“ бр.30, Битола. Со наведениот заклучок, од претпријатијата беше побарано до КОП да ги доставаат следните податоци: Оригинал или заверена копија од важечки ценовници за вулканизерски услуги на територијата на град Битола, со објаснување кога истиот е донесен, оригинал или заверена копија од ценовник кој бил изготвен и се применувал до месец февруари 2019 за вулканизерски услуги на територијата на град Битола (објаснување кога истиот е донесен и до кога се применувал), вкупно приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2018 година, биланс на успех за 2018 година, односно податок за вкупно остварени приходи за 2018 година (без ддв и други даноци), податоци за жиро-сметка, единствен даночен број и банка-депонент на сметка, објаснување дали и кој присуствувал на состанокот одржан во месец фаврувари 2019 година во ресторан “Премиер” во Битола, каде се договарале цени за вулканизерски услуги и објаснување што било договорено на состанокот, дали по состанокот одржан во месец фаврувари 2019 година во ресторан „Премиер“ во Битола имало и други состаноци на кои биле договарани цени за вулканизерски услуги, кој го организирал состанокот оддржан во месец фаврувари 2019 година во ресторан “Премиер” во Битола и кој го донел ценовникот на вулканизерски услуги и барал да се стави печат на истиот од сите горенаведени осумнаесет претпријатија како потврда дека се согласуваат да ги применуваат цените наведени во ценовникот.

На ден 04.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/13, Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 04.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/14, Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје - Подружница ПНЕУМАТИК Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 04.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/15, Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 09.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/16, Централниот регистар на Република Северна Македонија, достави податоци до КОП.

На ден 09.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/17, Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 09.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/18, Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 09.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/19, Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 09.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/20, Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 09.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/21, Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало САФЕТИ – АВК ДООЕЛ увоз-извоз Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 09.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/22, Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 09.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/23, Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 12.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/24, Друштво за производство, услуги и трговија БАБЕ-БАБЕ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 12.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/25, Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 12.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/26, Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво - Скопје - Подружница ТЕХНОКОМЕРЦ Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 12.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/27, Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ, достави одговор на Заклучокот на КОП.

На ден 26.07.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/28, Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола, достави одговор на Заклучокот на КОП.

Занаетчија Михајло Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ, Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола и Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола не доставија одговор на Заклучокот на КОП ПП бр.09-18/12.

На ден 15.10.2019 година, со Заклучок ПП бр.09-18/29, КОП направи исправка на очигледна грешка во под број на Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-18/4 од 25.06.2019 година и со Заклучокот ПП бр.09-18/29 ги извести претпријатијата против кои беше поведена прекршочната постапка.

На ден 15.10.2019 година, со Заклучок ПП бр.09-18/30, КОП ја запре прекршочната постапка против Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје - Подружница ПНЕУМАТИК Битола и Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво - Скопје - Подружница ТЕХНОКОМЕРЦ Битола, поведена по службена должност на ден 25.06.2019 година со Заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП бр.09-18/12 на КОП.

На ден 15.10.2019 година, со Заклучок ПП бр.09-18/31, КОП поведе прекршочна постапка **против Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје и Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје**, со кој побара истите да достават: Вкупно приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2018 година, Биланс на успех за 2018 година, Податоци за жиро-сметка, единствен даночен број и банка-депонент на сметка и Извод од Централен Регистар на Република Северна Македонија.

На ден 28.10.2019 година, со Допис ПП бр.09-18/32, Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје одговори на заклучокот на КОП и ги достави бараните податоци.

На ден 09.01.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/1, Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје одговори на заклучокот на КОП и ги достави бараните податоци.

На ден 31.01.2020 година, КОП достави Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба ПП бр.09-2/2 до сите осумнаесет горенаведени претпријатија, даватели на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола.

На ден 03.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/3, Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје се изјасни по добиеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-2/2 од 31.01.2020 година на КОП.

На ден 11.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/4, Занаетчија Михајло Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ се изјасни по добиеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-2/2 од 31.01.2020 година на КОП.

На ден 11.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/5, Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола се изјасни по добиеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-2/2 од 31.01.2020 година на КОП.

На ден 13.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/6, Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје се изјасни по добиеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-2/2 од 31.01.2020 година на КОП.

На ден 19.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/7, Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ се изјасни по добиеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-2/2 од 31.01.2020 година на КОП.

На ден 19.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/8, Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола се изјасни по добиеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-2/2 од 31.01.2020 година на КОП.

На ден 19.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/9, Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола се изјасни по добиеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-2/2 од 31.01.2020 година на КОП.

На ден 19.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/10, Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ се изјасни по

добиеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-2/2 од 31.01.2020 година на КОП.

На ден 21.02.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/11, Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ се изјасни по добиеното Прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба бр.09-2/2 од 31.01.2020 година на КОП.

На ден 29.09.2020 година, со Допис ПП бр. 09-2/12 КОП достави до Централниот регистар на Република Северна Македонија, Барање за доставување на податоци и документи.

На ден 29.09.2020 година, со Допис ПП бр. 09-2/13 КОП достави до Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија, Барање за доставување на податоци и документи.

На ден 16.10.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/14 Централниот регистар на Република Северна Македонија ги достави бараните податоци до КОП.

На ден 10.11.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/15 КОП достави Ургенција до Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија.

На ден 02.12.2020 година, со Допис ПП бр. 09-2/16 КОП до Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија, Регионална дирекција Битола, достави Барање за доставување на податоци и документи.

На ден 11.12.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/17 Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија, Регионална дирекција Битола ги достави бараните податоци до КОП.

На ден 18.12.2020 година, со Допис ПП бр.09-2/18 Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија ги достави бараните податоци до КОП.

На ден 21.01.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/1 КОП достави до Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија, Регионална дирекција Битола, Барање за доставување податоци и документи.

На ден 21.01.2021 година, КОП со Допис ПП бр.09-4/2 достави Заклучок за барање податоци до сите осумнаесет претпријатија, учесници во прекршокот, со кој ги задолжи да достават Вкупно приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година.

На ден 05.02.2021 година, Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје со Допис ПП бр. 09-4/3 достави до КОП податок за вкупно приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година остварени/реализирани преку својата подружница Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје - Подружница ПНЕУМАТИК Битола.

На ден 08.02.2021 година, Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје со Допис ПП бр.09-4/4 достави до КОП податок за вкупно приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година остварени/реализирани преку својата подружница Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво - Скопје - Подружница ТЕХНОКОМЕРЦ Битола.

На ден 09.02.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/5 Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Регионална дирекција Битола одговори на Допис ПП бр.09-2/17 од 02.12.2020 година со назив Барање за доставување податоци и документи на КОП.

На ден 11.02.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/6, Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 16.02.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/7, Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 16.02.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/8, Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 16.02.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/9, Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 16.02.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/10, Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 19.02.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/11, Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 19.02.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/12, Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 19.02.2021 година, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Регионална дирекција Битола со Допис ПП бр.09-4/13 одговори на Барањете за доставување податоци и документи ПП бр.09-4/1 од 21.01.2021 година на КОП.

На ден  23.02.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/14, Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 03.03.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/15, Занаетчија Михаило Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 05.03.2021 година, со е-маил заверен под ПП бр.09-4/16, Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП.

На ден 05.03.2021 година, со Допис ПП бр.09-4/17, Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола достави одговор на Заклучокот за барање податоци ПП бр.09-4/2 21.01.2021 година на КОП. Со овој допис КОП беше известена дека Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со седиште на ул. „Воден“ бр.26 Битола

од 01.01.2020 година има ново сметководствено биро и воедно истото од наведениот датум престанало да извршува вулканизерски услуги.

На ден 04.03.2021 година, КОП со Решение за запирање на прекршочна постапка ПП бр.09-4/18 ја запре постапката поведена по службена должност против Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало САФЕТИ – АВК ДООЕЛ увоз-извоз Битолам, Република Северна Македонија бидејќи истото е во ликвидација. Наведеното, КОП го утврди врз основа на анализа и извршен увид во тековната состојба на претпријатието од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

На ден 04.03.2021 година, КОП со Решение за запирање на прекршочна постапка ПП бр.09-4/19 ја запре постапката поведена по службена должност против Друштвото за производство, услуги и трговија БАБЕ-БАБЕ увоз-извоз ДООЕЛ Битола со седиште на ул. „21“бр.52-А Битола, Република Северна Македонија бидејќи истото престанало да постои. Врз основа на анализа на прибавената документација во постапката, а видно од Билансот на успех на претпријатието Друштво за производство, услуги и трговија БАБЕ-БАБЕ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, кој КОП го прибави по службена должност, КОП увиде дека претпријатието не остварило никакви приходи во 2019 година. Дополнително, од тековната состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија КОП утврди дека претпријатието престанало да постои односно е избришан субјект. Оттука, водејќи се од фактот дека претпријатието Друштво за производство, услуги и трговија БАБЕ-БАБЕ увоз-извоз ДООЕЛ Битола е веќе непостоечки субјект и правно лице на кое поради не остварени приходи КОП нема основ да му пресмета и изрече глоба, КОП постапи согласно член 70 став (1), а во врска со член 124 став (1) алинеја 2 од Законот за прекршоците.

На ден 15.03.2021 година, КОП со Допис ПП бр.09-4/20 и пропратно писмо кон наведениот допис ПП бр.09-4/21 достави Конечно известување за утврдена фактичка состојба до шеснаесет вулканизери и тоа: Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје, Внатрешна и надворешна трговија и производство, ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје, Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола, Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ, Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола, Занаетчија Михајло Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ, Битола, Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ, Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола, Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола, Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола, Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола, Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ и Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ.

На ден 29.03.2021 година, Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола со Допис ПП бр.09-4/22, со назив Жалба против конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-4/21 од 17.03.2021 година, достави до КОП одговор на Конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-4/21 на КОП.

На ден 01.04.2021 година, Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со Допис ПП бр.09-4/23, со назив Предмет-

Забелешка по конечното известување за утврдена фактичка состојба на комисијата по прекршок при комисијата за заштита на конкуренцијата ПП.бр.09-4/21 од 15.03.2021 година, достави до КОП одговор на Конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-4/21 на КОП.

На ден 07.04.2021 година, Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола, Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со Допис ПП бр.09-4/24 достави до КОП одговор на Конечното известување за утврдена фактичка состојба ПП.бр.09-4/21 на КОП.

На ден 26.04.2021, со Допис ПП бр.09-4/25, КОП достави до Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Регионална дирекција Битола, Барање за доставување податоци и документи.

На ден 06.05.2021 година, Управата за јавни приходи на Република Северна Македонија, Регионална дирекција Битола со Допис ПП бр.09-4/26 одговори на Барањете за доставување податоци и документи на КОП.

На ден 29.04.2021 година, Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје, по е-маил испрати до КОП, Биланс за приходи и расходи, а заведено како Допис ПП бр.09-4/27 од 10.05.2021 година.

На ден 21.05.2021 година, со Допис 09-4/28, Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола достави Приговор со нови докази по ПП бр.09-4/21 од 17.03.2021 година до КОП.

<u>По прибавувањето на потребните податоци од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка, КОП ја утврди следната фактичка состојба:</u>

Во февруари 2019 година во ресторан „Премиер“, во Битола, бил одржан состанок помеѓу претставници на даватели на вулканизерски услуги од Битола, на кој се разговарало за договарање и фиксирање на цените за вулканизерски услуги.

Во однос на наведениот состанок, Друштвото за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола во доставениот допис истакнува дека на состанокот одржан во месец февруари во ресторан „Премиер“ во Битола, не присуствувал никој од вработените во претпријатието и дека на вработените не им е познато кој го организирал состанокот.

Во однос на наведениот состанок, Продавницата за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје во доставениот допис истакнува дека кон крајот на месец февруари Славко Гичевски, управител во Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје - Подружница ПНЕУМАТИК Битола бил повикан да присуствува на состанок кој бил организиран од Златко Видановиќ претставник на ТИГАР ПРОМЕТ, на неофицијална дружба каде би се размениле искуства и би се дискутирале моменталните трендови во браншата. Собирот се одржал во ресторан „Премиер“ во Битола. Славко Гичевски се противел на таа средба, но по неколку дена убедување и молење решил да присуствува на средбата за да не се двои од останатите колеги и да размени мислење со останатите колеги од еснафот. На собирот кој се одржал во ресторан „Премиер“ во Битола биле присутни околу 7 до 9 вулканизери, од различни компании, а и тој самиот присуствувал на истиот. Дискусијата се одвивала на повеќе теми, меѓу останатото и за цената на услугите кои се наплаќаат во Битола. Славко Гичевски истакнал дека не е овластен да преговара во име на ПНЕУМАТИК за било какви деловни одлуки. Состанокот добил тек на пијанка и обична кафанска собиранка и Славко Гичевски, заедно со колегата вулканизерот

Зоран Чашитовски од претпријатието ЧАШИТ, го напуштиле состанокот. Во дописот понатаму се наведува дека Славко Гичевски немал никаква информација дали нешто било договорено и што било разговарано на остатокот од вечерта. Од некои од колегите вработени во другите компании кои даваат исти или слични услуги, Славко Гичевски дознал дека по неколку дена 5-6 вулканизери од Битола повторно се состанале, со тоа што не бил повикан тој и оние колеги чии компании имаат централа во Скопје. Колегите од другите фирми од Битола кои биле на тој состанок составиле ценовник за услуги и истиот го донел Златко Видановиќ од ТИГАР ПРОМЕТ, во просториите на ПНЕУМАТИК каде што бил присутен Славко Гичевски. На ценовникот имало ставено печати од повеќето сервиси.

Во однос на наведениот состанок, Друштвото за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола во доставениот допис наведува дека немале свој претставник на собирот одржан во ресторан „Премиер“ каде се договарале цени за вулканизерски услуги и затоа не се во можност да дадат објаснување во однос на тоа што се договарало, дали имало други состаноци, кој ги организирал или пак кој го донел ценовникот за вулканизерски услуги на град Битола. Воедно во својот допис испратен до КОП од БИКАЛ нагласуваат дека се запознаени дека ценовникот бил заеднички изработуван со другите друштва кои имаат исти дејности во поглед на вулканизерски услуги, но дека не е точно дека ставањето печат значи согласност за примена, бидејќи ставањето печат е само потврда дека претпријатието БИКАЛ е запознаено со предлог цените.

Во однос на наведениот состанок, Трговското друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ во доставениот допис наведува дека во месец февруари 2019 година, спонтано во разговор со колегите вулканизери разбрал дека ќе има собир во ресторан „Премиер“, со цел да се видат и да разменат искуства во врска со работата. Се наведува дека поради тоа што работат со многу ниски цени и опстанокот на вулканизерите е доведен во прашање, на собирот имало предлог дека треба да се работи со повисоки цени бидејќи се е поскапено, односно материјалите со кои работат како и сите трошоци поврзани со работата. Понатаму во дописот се вели дека веднаш по состанокот наредниот ден, повторно во разговор со колегите, а веројатно по сугестија на некој што разбрал за тоа што било разговарано на собирот, станало јасно дека тоа што го направиле минатиот ден било прекршок бидејќи имало закон кој не дозволува такво договарање. По извесно време повторно спонтано тој и некои од колегите вулканизери се собрале во истиот ресторан и разговарале за работата, проблеми и слично, но договарање немало.

Во однос на наведениот состанок, Друштвото за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола во доставениот допис ја информираше КОП дека имал свој претставник на средбата во ресторан „Премиер“ одржан во месец февруари 2019. Воедно ја извести КОП дека после февруари 2019 година имало средби на кои се разговарало за вулканизерските проблеми и макотрпната вулканизерска работа со што мисли дека не било нанесено зло на никого и дека секој има право да разговара за проблемите во својата работа. Иницијатор за средби немало, сите самоволно присуствувале на средбите без некое посебно закажување.

Во однос на наведениот состанок, Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола во доставениот допис, наведува дека во месец февруари 2019 год. на состанокот одржан во ресторан Премиер, истиот бил присутен. После тој состанок, имало и други состаноци на кои се разговарало за проблемите во вулканизерската дејност. Иницијатор за средбите немало, се собирале сами на разговор.

Во однос на наведениот состанок, Друштвото за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола во доставениот допис наведува дека немал никакво сознание дека се организираат за изготвање на ценовници и не бил присутен на собирот одржан во растoран Премиер.

Во однос на наведениот состанок, Друштвото за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ во доставениот допис наведува дека во спонтан разговор за повисоки цени е дојдено после разговори со колегите со кои истиот се дружи.

Во однос на наведениот состанок, Друштвото за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ во доставениот допис наведува дека присуствувал на состанокот на кој имало повеќе помлади колеги од кои повеќето не ги познавал. Го поканил колега кого не го познавал, а на состанокот се разговарало за нискиот промет кој го имаат, не доволно работа и високите цени на репроматеријали. Состанокот бил не формален без записник и договор.

Во однос на наведениот состанок, Друштвото за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, во доставениот допис наведува дека не присуствувал на ниту еден состанок, ниту му е познато кој го донел ценовникот.

Во однос на наведениот состанок, претпријатието Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје во доставениот допис наведува дека вработениот во ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје – Подружница ТЕХНОКОМЕРЦ Битола, во месец февруари 2019 година, добил лична покана од страна на Златко Видановиќ сопственик на ТИГАР ПРОМЕТ, да присуствува на собир на кој биле повикани и други лица кои работат во оваа дејност. Местото на одржување на собирот било во ресторан „Премиер“. На овој состанок, по кажување на вработениот се дискутирало за услугите кои ги нудат присутните во оваа дејност. Се одржал само еден ваков собир.

Во однос на наведениот состанок, Друштвото за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ во доставениот допис наведува дека иницијатор на средбата немало и дека сите присуствувале своеволно. За средбата истакна дека бил присутен на истата, во ресторан „Премиер“ каде разговарале, разменувале мислења во врска со работата и цените кои се применуваат веќе подолг период.

Во однос на наведениот состанок, Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола во доставениот допис наведува дека собирањето и договарањето за цените не било за да се загрози пазарот на потрошувачите, туку само се разговарало за цените, без притоа да се знае кои се последиците и дека тоа е казниво.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Друштвото за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола во доставениот допис истакнува дека заради колегијалност го потпишал ценовникот кој бил донесен на состанокот.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Продавницата за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје во доставениот допис истакнува дека по ова прашање се развила голема дискусија помеѓу нивниот вработен, Славко Гичевски и Златко Видановиќ од ТИГАР, бидејќи Славко Гичевски се противел да стави печат, со објаснување дека компанијата нема намера да учествува во било какво договарање и дека цените во компанијата се утврдуваат на компаниско ниво и од страна на овластените лица, а самиот тој нема надлежност да потпишува и склучува било какви договори, ниту може да има било какво влијание на цените

и не може да применува други цени од официјалните. Со цел да се смири непријатната ситуација во просторијата, Слако Гичевски ставил печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги без никаков потпис.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Друштвото за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола во Записник бр.09-18/6 од 28.05.2019 година изјави дека по одржаниот состанок, ценовникот му бил донесен од ТИГАР ПРОМЕТ и побарал од него да стави печат на истиот како знак дека се согласува со цените, по што БИКАЛ ставил печат. Кога му бил донесен ценовникот на истиот веќе имало печати од други друштва даватели на вулканизерски услуги.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука, односно ценовник за вулканизерски услуги, Трговското друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ во доставениот допис наведува дека како знак на присуство на собирот на кој се договарале цените за вулканизерски услуги ставил печат од својата фирма на лист хартија на која како предлог имало цени на некои од услугите кои ги нуди претпријатието ГОЛДСТАС.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Друштвото за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола во доставениот допис истакнува дека своеволно ставил печат на ценовникот, не знаејќи дека истото претставува прекршок.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола во доставениот допис наведува дека самоиницијативно сите се сложиле да ставаат печат на ценовникот, без разлика дали ќе го користат во иднина.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Друштвото за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола во доставениот допис наведува дека не знае кој ден точно, кај него дошло едно дете и се претставило дека е вулканизер, му ги покажало ценовниците и му рекло дека сите вулканизери се договориле за некакви ценовници при што му ги покажало листите дека ставиле и печат. Истиот не знаел дека тоа е противзаконски па и тој ставил печат.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Друштвото за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ во доставениот допис наведува дека ставил печат на листот со нови цени.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Друштвото за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ во доставениот допис наведува дека по одржувањето на состанокот ставил пречат, повеќе од солидарност, без да знае дека истото претставува прекршок.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, претпријатието Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје во доставениот допис наведува дека ден по состанокот одржан во ресторан „Премиер", сопственикот на ТИГАР ПРОМЕТ, злоупотребувајќи го отсуството на овластеното лице на подружницата, повторно бил во просториите на Подружница ТЕХНОКОМЕРЦ Битола со документ на кој сам ставил печат од Друштвото. За настанатата ситуација и постапка на лицето Златко Видановиќ

сопственик на ТИГАР ПРОМЕТ не бил информиран никој од овластените на друштвото ТЕХНОКОМЕРЦ АД Скопје, а за постоење на ваков документ е дознаено преку Заклучокот за поведување на прекршочна постапка доставен од страна на КОП.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Друштвото за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола во доставениот допис наведува дека му бил донесен ценовник во неговиот дуќан од една вулканизерска фирма и бил прашан дали ќе се солидаризира со останатите и да стави печат на ценовникот. Наведува дека се согласил и ставил печат и потпис со надеж дека ценовникот ќе стави ред и ќе ја подобри состојбата во дејноста која ја врши.

Во однос на ставањето печат на спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги, Друштвото за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ, во доставениот допис наведува дека своеволно ставил печат на ценовникот, не знаејќи дека ненамерно прави прекршок.

Во однос на примената на ценовникот за вулканизерски услуги Продавницата за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје во доставениот допис наведува дека по ставањето на печатот Славко Гичевски уште еднаш напоменал дека истиот ништо не значи и дека ПНЕУМАТИК ќе продолжи да ги користи цените формирани од страна на овластените лица во самата компанија и примерокот кој што му бил оставен го искинал и го фрлил. За целото време и пред и по овој настан ПНЕУМАТИК го користи ценовникот кој е објавен во салонот и е ист како и ценовниците во сите останати подружници на компанијата. Единствено сопственикот на ПНЕУМАТИК одлучува за ценовната политика на ПНЕУМАТИК и ниту Славко Гичевски ниту било кое вработено лице не е овластено да носи било какви одлуки кои се од влијание за деловните политики на компанијата. Во прилог на ова тврдење доставени се и ценовници и сметководствена евиденција како доказ дека ПНЕУМАТИК никогаш не ги применувал цените, ниту пак учествувал во било какво договарање на цените наведени во спорната одлука односно ценовник за вулканизерски услуги.

Во однос на примената на ценовникот за вулканизерски услуги, Друштвото за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола на Записник ПП бр.09-18/6 од 28.05.2019 година, составен од извршениот увид на лице место наведува дека на нив ценовник за услуги им праќаат од МОТОЦЕНТАР Скопје, по чија франшиза работат и дека на 4-ти Март има добиено електронска пошта од МОТОЦЕНТАР со прилог ценовник, од кој копија им при увидот им беше дадена и на службените лица. Исто така на службените лица им беше дадена копија од ценовник за вулканизерски услуги кој се применувал до Март 2019, ценовник кој се применувал од Март 2019 како и копија од спорниот ценовник за вулканизерски услуги со осумнаесет печати. Во дополнително доставениот допис до КОП ПП бр.09-18/7 од 04.07.2019 година, БИКАЛ наведува дека секое друштво за вулканизерски услуги има сопствена клиентела и дека тие како друштво се запознаени со предлог цените, но истите не ги применуваат бидејќи како друштво работи врз основа на франшиза од МОТОЦЕНТАР Скопје и секое покачување или намалување на нивните услуги за вулканизерски работи се во согласност со МОТОЦЕНТАР. Воедно во дописот се истакнува дека БИКАЛ не поседува оригинал или заверена копија од ценовник изготвен и применуван до месец февруари 2019 година.

Во однос на примената на ценовникот за вулканизерски услуги, Трговското друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ во доставениот допис наведува дека договореното на собирот никогаш не било во употреба и со сигурност тврди дека никој од

вулканизерите не се придржувал кон договореното. Ценовникот го фрлил во ѓубре.

Во однос на примената на ценовникот за вулканизерски услуги, Друштвото за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола во доставениот допис истакнува дека тој ценовник воопшто не го примениле.

Во однос на примената на ценовникот за вулканизерски услуги, Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола во доставениот допис наведува дека има свој ценовник, кој самиот го изработил и е истакнат во неговиот дуќан и дека како занаетчија е должен сам да го направи. Истиот ценовник го користи од кога е регистриран до денес.

Во однос на примената на ценовникот за вулканизерски услуги, Друштвото за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола во доставениот допис наведува дека ценовникот никогаш не го поставил во дуќанот бидејќи, следниот ден после ставањето печат на истиот, кога немал работа, го согледал подетално ценовникот и бидејќи бил со повисокои цени го фрлил во ѓубре.

Во однос на примената на ценовникот за вулканизерски услуги Друштвото за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ во доставениот допис наведува дека не го применил ценовникот бидејќи имало несогласување така да всушност и нема никаков договор.

Во однос на примената на ценовникот за вулканизерски услуги, Друштвото за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ наведува дека и после состанокот продолжил да работи по својот стар ценовник, а за останатите вулканизери не знае по кои ценовник продолжиле да работат.

Во однос на примената на ценовникот за вулканизерски услуги, претпријатието Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје во доставениот допис наведува дека претпријатието има свој ценовник кој цело време го користи. Ценовникот е доставен во прилог како дел од целокупната доставена документација до КОП, која КОП ја побара од претпријатието.

Согласно член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: ЗЗК) забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуките на здруженијата на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување.

Член 5 алинеја 10) од ЗЗК ја дава следната дефиниција - “Договори и одлуки” се правни дела со кои се уредуваат прашања што се однесуваат на условите на работењето, а чија што цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Ова се однесува и на поединечните одредби на договорите и одлуките, кои можат да бидат изрични или премолчни.

Член 5 алинеја 11) од ЗЗК ја дава следната дефиниција - "Картели" се договори и одлуки и/или усогласено однесување помеѓу две или повеќе претпријатија чија цел е координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот и/или влијаење на релевантните параметри на конкуренцијата, особено преку фиксирање на куповни или продажни цени или други услови на тргување, ограничување на производство или воспоставување продажни квоти, поделба на пазари, договарање при учество на тендери, ограничување на увоз или извоз и/или анти-конкурентско однесување насочено спрема други претпријатија-конкуренти на учесниците во картелот;

Договор, согласно член 7 став (1) постои кога учесниците се согласуваат на заеднички план кој го ограничува или може да го ограничи нивното индивидуално комерцијално однесување со одредување на границите на нивното заедничко делување или воздржување од делување на пазарот. Договорот не мора да е писмен; не се неопходни формалност, и не е потребно да има договорени санкции или мерки за спроведување на договорот. Договорот може да биде експлицитен или имплицитен во однесувањето на учесниците.

**Членот 7 став (1) од ЗЗК изрично забранува претпријатија да учествуваат во договори, односно здруженијата на претпријатија да донесуваат одлуки кои претставуваат директно хоризонтално фиксирање на продажните цени на стоките и услугите кои ги нудат претпријатијата, бидејќи таквото договарање помеѓу учесниците на пазарот за еден од најзначајните параметри на конкуренцијата – цената е спротивно на основното правило на слободната конкуренција според кое учесниците на пазарот треба самостојно и независно едни од други да ги носат одлуките за своето однесување на пазарот и самостојно да го сносот ризикот за успехот, односно неуспехот од таквото однесување. Оттука, таквите договори, одлуки, имаат за цел нарушување на конкуренцијата и истите не можат да бидат оправдани и претставуваат една од најтешките повреди на правилата за заштита на конкуренцијата утврдени во ЗЗК.**

КОП посочува дека критериумите за утврдување на постоење на договор во смисла на член 7 став (1) од ЗЗК се пошироки отколку што се на пример критериумите за утврдување на постоење на договор согласно правилата на облигационото право. Имено, согласно правото за заштита на конкуренцијата, договор помеѓу конкуренти може да постои и тогаш кога и без постигнување на формален договор во смисла на Законот за облигациони односи, конкурентите го усогласиле своето однесување, т.е се придржуваат до заедничко однесување за определени параметри на конкуренцијата помеѓу нив, кое го ограничува или постои веројатност да го ограничи нивното индивидуално однесување на пазарот, преку одредување на границите на нивното заедничко дејствување или налагање тие да се воздржат од определено дејствување на пазарот. Во ваков случај не е неопходно да постои договор во пишана форма ниту договорени санкции во случај на неизвршување на договореното, за да постои повреда на ЗЗК. **Оттука, за постоење на повреда на член 7 од ЗЗК доволно е претпријатијата само да ја изразиле својата заедничка намера да се однесуваат на пазарот на одреден начин. Со други зборови, за постоење на повреда на член 7 од ЗЗК не е неопходно конкурентите и да го спровеле својот заеднички план за определено усогласено однесување на пазарот и во пракса**. Ова од причини што, претпријатијата кои учествуваат во таквото усогласување и потоа се активни на пазарот ги имаат предвид податоците разменети при ваквите контакти со конкурентите и при определувањето на своето сопствено однесување на пазарот. Во овој случај таквата усогласена (договорена) практика сама по себе е опфатена со членот 7 став (1) од ЗЗК, дури и кога не постојат конкретни антиконкурентски ефекти на пазарот.

Од императивно значење е поимите на договор и усогласено однесување од член 7 на ЗЗК да се интерпретираат имајќи го предвид основниот принцип на политиката на заштита на конкуренцијата - секое претпријатие самостојно да ја одредува својата комерцијална политика која има намера да ја спроведе на пазарот. Иако ова барање за независност не го ускратува правото на претпријатијата свесно да се приспособуваат на постојното или очекуваното однесување на нивните конкуренти, тоа недвосмислено и без исклучок забранува било какви директни или индиректни контакти помеѓу претпријатијата чија цел или последица е да влијаат врз пазарното однесување на постоен или потенцијален конкурент или да му го откријат на конкурентот своето идно однесување на пазарот.

Притоа, иако член 7 прави разлика помеѓу концептот на “договори склучени помеѓу претпријатија”,”усогласено однесување” и ”одлуки на здруженија на претпријатија” целта на оваа законска одредба е со забраната од член 7 да се опфатат сите форми на соработка помеѓу претпријатијата со кои тие претпријатија и без потпишување на формален договор помеѓу себе, свесно ја заменуваат состојбата на конкуренција со меѓусебна практична соработка. Оттука не е неопходно, особено во случаи на комплексни повреди кои траат подолг период, Комисијата да го карактеризира таквото однесување на две или повеќе претпријатија единствено како една или друга форма на забранетото однесување (договор или усогласено однесување). Концептите на договор и усогласено однесување се флуидни и може да се преклопуваат. Реално може да биде и невозможно да се направи таква дистинкција, бидејќи едно исто однесување на определени претпријатија може да ги содржи сите наведени форми на забранетото однесување, поради што повредата на член 7 може во исто време да се состои и од склучување на забранет договор и од учество во забранетото усогласено однесување.

За целите на примена на член 7 став (1) од ЗЗК, договорите и/или усогласеното однесување кое има за цел нарушување на конкуренцијата не е неопходно да се земат во предвид конкретните ефекти од усогласеното однесување. Следствено не е неопходно да се докажат последиците од нарушувањата на конкуренцијата предизвикани од забранетиот договор/ усогласено однесување. Дополнително, фактот дека во одредени случаи договорот/усогласеното однесување може да не го произведе ефектот на пазарот кои учесниците сакале да ги постигнат со договорот/усогласеното однесување, не значи дека договорот/уогласеното однесување не предизвикало одредени последици на пазарот.

Врз основа на горенаведеното, КОП утврди дека **Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Воден“ бр.26 Битола, **Друштво за трговија и услуги ЦАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола**, ул. „Владимир Назор“ ББ Битола, **Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Владимир Назор“ бр.12/Б Битола, **Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје**, Теодосиј Гологанов бр.120 Скопје – Центар , **Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „4-ти Ноември“ бр. 72 Битола, **Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје**, 8-ми септември бр.42 Скопје – Карпош, **Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**, ул. „Богомила“ бр.12, Битола, **Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола**, ул. „Ѓорче Петров“ бр.27 Битола, **Занаетчија Михаило Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ**, Битола, ул. „4-ти Ноември“ бр.68, Битола, **Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ**, ул. „Борис Бунevски“ бр.6, Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, ул. „Васко Карангелески“ бр.21, Битола, **Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола**, бул. „1-ви Мај“ бр.1, Битола**, Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола**, ул. „Довлеџик“ бр.117 А, Битола, **Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола**, ул. „Охридска“ бр.301 Битола, **Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. „Мирка Гинова“ бр.20, Битола, и **Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, ул. “Буковски мост“ бр.30, Битола, **како претпријатија кои нудат услуги на пазарот на давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола, во февруари 2019 година, учествувале во забранет договор и усогласено однесување, на начин што**

**донеле ценовник за вулканизерски услуги на кој сите наведени даватели на вулканизерски услуги ставиле свој печат со цел нарушување на конкуренцијата преку директно фиксирање на продажните цени на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола, со што сториле прекршок од член 59 став (1) точка 1) во смисла на член 7 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата .**

КОП при утврдување на времетраењето на прекршокот го зема во предвид фактот дека горенаведени претпријатија во месец февруари, 2019 година, во ресторанот "Премиер" во Битола го донеле ценовникот за вулканизерски услуги на територијата на град Битола во знак на согласност во наредните денови го ставиле својот потпис и печат, но истиот воопшто не го применувале, бидејќи секој од нив поединечно имал и применувал свој ценовник за вулканизерски услуги, додека пак подружниците применувале ценовници на своите мајки компании. Оттука, времетраењето на прекршокот е месец февруари 2019 година.

Согласно 59 став (1) точка 1) од ЗЗК, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување.

Согласно член 64 став (1) од ЗЗК при одмерување на глобата КОП во предвид ги зема: тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно член 64 став (2) од ЗЗК КОП, при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности. Имено, КОП како **олеснителна околност** го зема во предвид фактот дека горенаведени претпријатија кои во месец февруари, 2019 година, во ресторанот "Премиер" во Битола го донеле ценовникот за вулканизерски услуги на територијата на град Битола и на истиот во знак на согласност во наредните денови го ставиле својот потпис и печат **но истиот воопшто не го применувале**, бидејќи секој од нив поединечно имал и применувал свој ценовник за вулканизерски услуги, додека пак подружниците применувале ценовници на своите мајки компании.

Согласно член 64 став (3) од ЗЗК основниот износ на глобата по правило изнесува најмногу до 30% од приходот на сторителот на прекршокот остварен од дејноста која се врши на релевантниот пазар на кој е сторен прекршокот во последната целосна деловна година во која сторителот на прекршокот учествувал во истиот. Вака определениот износ се множи со бројот на годините во кои траел прекршокот. Последна целосна деловна година во која сторителите на прекршокот учествувале во истиот е 2019 година.

Согласно горенаведените законски одредби при определување на износот на глобата која треба да се изрече на горенаведени претпријатија, КОП тргнува од висината на вкупните приходи кои претпријатијата ги оствариле од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година.

Дополнително, при одмерувањето на висината на глобата КОП се раководи и од Насоките за начинот на одмерувањето на глобата изречена согласно Законот за заштита на конкуренцијата. Согласно наведените насоки основниот износ на глобата претставува пропорција од вредноста на продажбите, во зависност од степенот на тежината на прекршокот, помножен со бројот на години за кои траел прекршокот. Степенот на тежината на прекршокот се определува за секој случај посебно, земајќи ги во предвид сите релевантни околности за тој случај.

Согласно дополнително доставените податоци и докази во одговорот по Конечното известување за утврдена фактичка состојба при определување на износот на глобата која му се изрекува на **Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019, па оттука основниот износ на глобата изнесува 9.380,00 денари.

Вкупно остварените приходи на Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола во 2020 година, како последна деловна година за која Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 9.380,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за услуги и трговија на големо и мало БИКАЛ ДООЕЛ увоз-извоз Битола остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на **Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019, па оттука основниот износ на глобата изнесува 2.270,00 денари.

Вкупно остварените приходи на Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола во 2020 година, како последна деловна година за која Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола има составена годишна сметка изнесуваат XXX  денари.

Пресметаната глоба од 2.270,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за трговија и услуги ЏАМБО ПЕТ ДООЕЛ Битола остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на **Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019, па оттука основниот износ на глобата изнесува 5.148,00 денари.

Вкупно остварените приходи на Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола во 2020 година, како последна деловна година за која Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 5.148,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, трговија на големо и мало и услуги МАЛАКОВСКИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на претпријатието **Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, кои наведеното прептријатие ги остварило преку својата подружница Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје - Подружница ПНЕУМАТИК Битола, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019, па оттука основниот износ на глобата изнесува 30.465,00 денари.

Вкупно остварените приходи на претпријатието Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје во 2020 година, како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 30.465,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Продавница за гуми ПНЕУМАТИК ТП Драгана Стојадин Трајковска Скопје остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на **Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 па оттука основниот износ на глобата изнесува 8.166,00 денари.

Вкупно остварените приходи на Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ во 2020 година, како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 8.166,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за трговија и услуги Грозда Александар Видановиќ ТИГАР ПРОМЕТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на Внатрешна **и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, кои наведеното претпријатие ги остварило преку својата подружница Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво - Скопје - Подружница ТЕХНОКОМЕРЦ Битола односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX%, од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 па оттука основниот износ на глобата изнесува 17.192,00 денари.

Вкупно остварените приходи на Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје во 2020 година, како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 17.192,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Внатрешна и надворешна трговија и производство ТЕХНОКОМЕРЦ Акционерско друштво – Скопје остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на **Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX%, од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 па оттука основниот износ на глобата изнесува 6.930,00 денари.

Вкупно остварените приходи на Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола, во 2020 година како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 6.930,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, трговија и услуги РАДИАЛ КОМЕРЦ увоз-извоз ДООЕЛ Битола остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на **Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019, па оттука основниот износ на глобата изнесува 3.540,00 денари.

Вкупно остварените приходи на Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ, во 2020 година како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 3.540,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Трговско друштво за производство, промет, маркетинг, увоз-извоз ГОЛДСТАС Наумовски Стевко Битола ДООЕЛ остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на **Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019, па оттука основниот износ на глобата изнесува 1.800,00 денари.

Вкупно остварените приходи на Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола, во 2020 година како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 1.800,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, трговија и услуги УОШИНГ КАРС Кирил ДООЕЛ увоз-извоз Битола остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на **Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019, па оттука основниот износ на глобата изнесува 4.416,00 денари.

Вкупно остварените приходи на Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ, во 2020 година како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 4.416,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, трговија и услуги Зоранчо, ЧАШИТ увоз-извоз Битола ДООЕЛ остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

При определување на износот на глобата која му се изрекува на **Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ**, КОП тргнува од висината на вкупните приходи (без ддв и други

даноци) остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019 година, односно XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX**%** од вкупните приходи остварени од давање на вулканизерски услуги на територијата на градот Битола во 2019, па оттука основниот износ на глобата изнесува 561.00 денари.

Вкупно остварените приходи на Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ, во 2020 година како последна деловна година за која истото има составена годишна сметка изнесуваат XXX денари.

Пресметаната глоба од 561.00 денари претставува приближно XXX**%** од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштво за производство, трговија и услуги Ѓорѓи Аврамовски АВРАМ увоз-извоз Битола ДООЕЛ остварен во 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка.

Во согласност со Насоките за начинот на одмерување на глобата согласно Законот за заштита на конкуренцијата, при пресметување на вредноста на продажбата на определено претпријатие, КОП ќе ги земе во предвид најдостапните податоци за тоа претпријатие. Оттука, КОП при определување на износот на глобата која им се изрекува на: Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола, Занаетчија Михајло Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ Битола, Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола, Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола и Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола, како паушалисти со паушално утврден нето доход од вршење на дејноста, ги зема во предвид податоците за остварениот вкупен доход согласно Решенијата за остварен доход за 2019 година, издадени од Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Битола, бидејќи за истите не може да се утврди колку точно приходи оствариле само од давање на вулканизерски услуги.

Вкупно остварениот доход на Занаетчија **Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола**, за 2019 година, согласно добиено Уверение за остварен доход изнесува XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од наведениот доход, па оттука основниот износ на глобата изнесува 5.515.00 денари.

Согласно Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход за 2020 година, Занаетчија Пеце Душан Јончевски ВУЛКАНИЗЕРСКИ СЕРВИС ШАМПИОН Битола, во 2020 година како последна деловна година за која истиот има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход, паушалниот нето доход изнесува XXX денари.

Пресметаната глоба од 5.515.00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

Вкупно остварениот доход на **Занаетчија Михајло Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ Битола**, за 2019 година, согласно добиено Уверение за остварен доход изнесува XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од наведениот доход, па оттука основниот износ на глобата изнесува 4.182.00 денари.

Согласно Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход за 2020 година, Занаетчија Михаило Ѓорѓи Змејков СЕРВИС БЕМВЕ Битола, во 2020 година како последна деловна година за која истиот има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход, паушалниот нето доход изнесува XXX денари.

Пресметаната глоба од 4.182.00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

Вкупно остварениот доход на **Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола, за** 2019 година, согласно добиено Уверение за остварен доход изнесува XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од наведениот доход, па оттука основниот износ на глобата изнесува 4.896.00 денари.

Согласно Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход за 2020 година, Занаетчија Игор Илија Темелковски ВУЛКАНИЗЕР-АВТОПЕРАЛНА ИГО-МИТ Битола во 2020 година како последна деловна година за која истиот има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход, паушалниот нето доход изнесува XXX денари.

Пресметаната глоба од 4.896.00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

Вкупно остварениот доход на **Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола**, за 2019 година, согласно добиено Уверение за остварен доход изнесува XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од наведениот доход, па оттука основниот износ на глобата изнесува 9.617.00 денари.

Согласно Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход за 2020 година, Занаетчија Славе Григорије Василевски ВУЛКАНИЗЕР-ДАМПЕР Битола, во 2020 година како последна деловна година за која истиот има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход, паушалниот нето доход изнесува XXX денари.

Пресметаната глоба од 9.617.00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

Вкупно остварениот доход на **Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола**, за 2019 година, согласно добиено Уверение за остварен доход изнесува XXX денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од XXX% од наведениот доход, па оттука основниот износ на глобата изнесува 7.632,00 денари.

Согласно Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход за 2020 година, Занаетчија Сашо Перо Петровски ВУЛКАНИЗЕР МА-ВИ Битола, во 2020 година како последна деловна година за која истиот има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход, паушалниот нето доход изнесува XXX денари.

Пресметаната глоба од 7.632,00 денари претставува приближно XXX% од вредноста на вкупно утврдениот паушалниот нето доход за 2020 година како последна деловна година, за која претпријатието има Решение за утврдување на аконтација на данок на личен доход.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Комисијата за заштита на конкуренција**
**Комисија за одлучување по прекршок**
**Претседател**
**Димитрија Вревезоски**